**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Гордана Џутеска**
**именуван за подрачјето**
**на Основниот суд**
**Охрид, Струга и Дебар**
**ул.Димитар Влахов бр.14**
**тел. 046/264-466**

**Образец бр.66**

**И.бр. 629/2022**

Извршителот Гордана Џутеска од Охрид, ул.Димитар Влахов бр.14 врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот Спасе Тодороски од Охрид со живеалиште на ул,,Богомилска,,бр.Б3/1-24 преку полномошник Адвокат Наумоски Мишел, засновано на извршната исправа ВПП1-42/20 од 22.12.2020 год. на Основен суд Охрид и ГЖ-239/21 од 27.04.2021 год. на Апелационен суд Битола, против должникот Блаже Тодороски од Охрид со живеалиште на с.Трпејца, за спроведување на извршување во вредност Блаже Тодороски денари на ден 03.04.2026 година го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА прва повторена продажба со усно јавно наддавање на недвижноста:

**Опишана во лист Б од имотен лист 694 за КО Трпејца** како:

КП.бр.1341, дел 1, на м.в. Село, катастарска култура ГЗ, ГИЗ, површина 244 м.к.в.,

КП.бр.1341, дел 1, на м.в. Село, катастарска култура ГЗ, ЗПО 1, површина 129 м.к.в.,

КП.бр.1341, дел 1, на м.в. Село, катастарска култура ГЗ, ЗПО 2, површина 53 м.к.в.,

КП.бр.1341, дел 3, на м.в. Село, катастарска култура ГЗ, ГИЗ, површина 157 м.к.в.,

КП.бр.1341, дел 3, на м.в. Село катастарска култура ЗЗ, Л, површина 187 м.к.в. која недвижност е во сосопственост на Спасе Тодороски од Охрид и Блаже Тодороски од Охрид

**Продажбата ќе се одржи на ден 27.04.2026 година во 13.00 часот во просториите на Извршителот Гордана Џутеска од Охрид.**

**Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на Извршителот Гордана Џутеска од Охрид, изнесува 3.003.000,00 денари, под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.**

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот **со број 200001924409473 што се води во Стопанска Банка АД Скопје, даночен број 5026009500380**

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Даноците на промет и другите давачки во врска со преносот на правото на сопственост, паѓаат на товар на купувачот.

Овој заклучок ќе се објави во дневен весник НОВА МАКЕДОНИЈА и електронски на веб страната на КИРМ .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Гордана Џутеска

Д.-на: доверител
должник
Општина Охрид
УЈП

X ______________________________

**Правна поука:** Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд на територијата каде што ќе се спроведува извршувањето согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.